Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за правосудство

Бр. 08-2505/3

Скопје, 15-10-2024 година

ДО
ЗДРУЖЕНИЕ КАНАБИС ИНСТИТУТ ПЕЛАГОНИЈА
ПРИЛЕП

ПРЕДМЕТ: *Доставува мислење во однос на Вашата Предлог-иницијатива*

Почитувани,

До Министерството за правда од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија е доставена Вашата Предлог-иницијатива на Здружение Канабис Институт Пелагонија, која се однесува на декриминализација и легализацијата на канабисот.

Во Предлог-иницијативата се наведени активности за имплементација на либерални политики за канабис во Република Северна Македонија за 2025 година, меѓу кои и изработка на посебен закон за канабис (lex specialis), со кој треба да се максимизираат ефектите од легализацијата и декриминализацијата на канабисот.

Министерството за правда го разгледа Вашиот Предлог за изработка на посебен закон за канабис и согласно надлежностите на Министерството за правда Ве известуваме дека изработка на вакво посебно законско решение е во надлежност на Министерството за здравство, кое дополнително ќе се произнесе во врска со Вашата Предлог-иницијатива.

Воедно, Ве известуваме и дека во Кривичниот законик се содржани бланкетни норми кои се поврзани со одредби од посебните закони, така што во конкретниот случај доколку се донесе посебен закон за канабис, тој закон ќе има директна импликација врз одредени одредби од Кривичниот законик.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Подготвил: Лазар Тасев, помлад соработник
Проверила: Николина Микеска Костадиновска, раководител на сектор
Одобрил: Никола Прокопенко, државен советник


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification